25791

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista / Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
-7. XII. 1979 , 11807 , 8 ,



Рубенс Корубин: Портрет со мастилница, цртеж

СРЕДБИ НА ИЗЛОЖБА

# КАКО СРЕДБА СО ДЕТСТВОТО

**● Во Ликовниот салон на Трговскиот центар во Скопје во тек е првата самостојна изложба на младиот ликовен уметник Рубенс Корубин. — Изложбата на цртежи ќе трае до крајот на месецот**

**МЛАДИОТ ЛИКОВЕН** уметник **Рубенс Корубин**, по завршувањето на Факултетот за ликовна уметност и постдипломските студии во Белград во класата на Младен Србиновиќ и речиси двегодишниот студиски престој во Париз, деновиве за првпат се претставува со изложба цртежи во градот во кој постојано живее. Дваесет и петте експонати (лавиран цртеж, сепија, црн туш) во Ликовниот салон на Трговскиот центар создаваат една исклучително убава атмосфера и заедно со тивката музика што се емитува, од ова катче прават место каде со малку напор ќе успеете да ви се причини дека чекате Некој да дојде, дека доживувате некои Средби во собата од далечното детство.

**— Не сметам дека црпењето инспирација од убавото време на детството е оригинална работа, но јас тоа со задоволство го правам. Работам интуитивно, без претходна концепција, само следејќи ја внатрешната визија. Овие мои штимунг-цртежи, кои ми се мили заради нивната непосредност, не претставуваат некои естетски истражувања. Едноставно — беше една стара куќа во Прилеп, градена во повеќе етапи, како што доаѓале новите генерации, нееднинствена по својата архитектура. Таа со нејзините простори и жители се провлекува речиси низ сите мои цртежи. Тука, на цртежите се сите мои претци со кои јас се среќавам, а не ги знам. Тие го даваат својот глас, бараат да се слушнат, имаат незаситени апетити. Нивните неостварени соништа, болки, трагедии се останати во мене. Тие ме знаат и ме гледаат од тие темни и посветли соби со љубов, со тајните што ги носат во себе. Ми ги соопштуваат, а јас, како сè уште да не сум излегол од таа стара, некогашна куќа.**

**ЗА ЦРТЕЖИТЕ** на Рубенс Корубин може да се рече дека носат еден препознатлив печат на македонското поднебје. На изложбата има и два пејзажа, кои тој ги работел во Париз, во кафеави тонови, како и сите останати експонати.

**— Сонцето, светлоста ги уништуваат боите. Јас работам попладне или приквечер, кога сонцето ќе зајде и дури тогаш сè се обојува. Како треба да изгледа македонскиот пејзаж? Не знам, јас го носам во себе, уверен сум, и тој некогаш ќе се појави онаков како што треба да изгледа.**

С. Ѓ.